ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

# ЗА 2018 ГОДИНА НА

# ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ - ТЕТОВО СМЕТКА ЗА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА,СОПСТВЕНО УЧЕСТВО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ЦЕНАТА НА ЗДРАВСТВЕНАТА УСЛУГА И ДРУГИ СРЕДСТВА ОД СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ (531)

01 2019 06 6/2

Скопје, август 2019

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 10 |
| Финансиски извештаи | |
| Биланс на приходи и расходи | 11 |
| Биланс на состојба | 12 |
| Промени во капиталот | 13 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 14 - 16 |
| - Основни сметководствени политики | 16 - 17 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 17 - 22 |

Кратенки користени во извештајот:

**ЈЗУ** – Јавна здравствена установа
**Центар** – ЈЗУ Центар за јавно здравје
**ФЗОМ** – Фонд за здравствено осигурување на Македонија
**ЗЈН** – Закон за јавни набавки

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 17-142/9

Дата: 27.08.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Центар за јавно здравје - Тетово (во понатамошниот текст – Центар) на сметка за средствата од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531) во понатамошниот текст сметката за сопствени приходи за 2018 година.

За финансиските извештаи на Центарот за 2018 година ревизијата изразува мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и резултатот на финансиските активности, како и за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за оваа сметка на Центарот за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2018 година констатирано е дека:

- утврдени се недоследности при прием, складирање, издавање на материјали и нивното евидентирање ;
- не е спроведен целосен попис на средствата и обврските на крајот на известувачкиот период со состојба 31.12.2018 година.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки во извештајот.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор заведен под број 17 – 142/5 од 04.07.2019.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 11 до 13 заедно со ревизија на усогласеност на ЈЗУ Центар за јавно здравје на сметката за сопствени приходи, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува на тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за усогласеност со закони и прописи на Центарот, за годините кои и претходат на годината кој е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на Центарот застапувано од:

- Д-р Африм Шехапи - вршител на должноста директор од 04.08.2017 година;

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите

материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се остварени/користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

**2.2.** Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 05.03.2019 до 17.05.2019 година кај ЈЗУ Центар за јавно здравје-Тетово од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 31 мај 2019 година.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор заведен под број 17 – 142/5 од 04.07.2019.

Констатирани се следните состојби:

### 3.1. Финансиски извештаи
### Биланс на состојба

3.1.1. Со извршената ревизија во сметководствена и материјална евиденција за прием, складирање и издавање на залихи на материјали, извршениот попис на состојбите на ден 31.12.2018, како и воспоставените контроли и нивното функционирање во овој процес го констатиравме следново:

- Приемот, складирањето и издавањето на дел од материјалите (канцелариски, хигиенски и потрошен материјал за поправки и одржување) кои се набавуваат за потребите на Центарот не се евидентираат во софтверот за материјално работење, поради што состојбата на залихите на ден 31.12.2018 година во сметководствената евиденција е искажана на износ повисок за 236 илјади денари во однос на состојбата во материјалната евиденција;

- Во софтверот за материјална и сметководствена евиденција не се евидентира потрошокот на материјалите при секое нивно издавање од страна на организационите единици, туку истото се врши на крајот од месецот поради што не може да се усогласи фактичката состојба на залиха на материјали во организационите единици со состојбата во софтверот на дневна основа;
- не е воспоставена сметководствена и материјална евиденција за потрошокот на издадени материјали по пациенти/клиенти;
- сметководствено и материјалното евидентирање на дел од издадените материјали е извршено врз основа на интерни месечни испратници изготвени од организационите единици кои не се архивски заверени и соодветно одобрени од страна на одговорните лица.

Утврдените состојби не се во согласност со член 2 и член 12 од Законот за сметководство на буџетот и буџетските корисници, член 31-а став 3, став 4 и став 5 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници како и со одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

**Препорака**

Одговорните лица во Центарот кои се вклучени во процесот на нарачка, прием, складирање, издавање и сметководствено евидентирање на залихите во делот на своите надлежности да ги преземат следниве активности:

- Во софтверот за материјална евиденција да се евидентира приемот, складирањето и евидентирањето на сите материјали кои ги набавува Центарот;
- Да се воведе ажурна евиденција и следење на потрошокот на залихата на медицински и потрошен материјал на дневна основа по пациент/клиент;
- Сметководственото и материјално евидентирање на издадените материјали да се врши врз основа на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи.

3.1.2. Со увидот во годишниот попис на средствата, обврските и побарувањата на Центарот со состојба на ден 31.12.2018 година ги констатиравме следниве состојби:

- Во пописните листи податоците за средствата се внесени поединечно со натурални показатели, но не и со парични вредности, што не е во согласност со член 31 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници;

- Во пописните листи не е извршено усогласување на материјалните и вредносните разлики меѓу состојбата утврдена со попис и сметководствената состојба, што не е во согласност со член 31-а став 3 и став 5 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Со извршената ревизија на ставките од Билансот на состојба и споредба со извршениот попис за 2018 година преку дополнителни ревизорски техники утврдивме дека не постојат разлики во примероци кои биле предмет на ревизијата;
- Во пописните листи кои се однесуваат на побарувањата и обврските не е утврдена правната основа за постоење на побарувањата и обврските, не е потврдено дека состојбата на ненаплатените побарувања и преземените обврски се уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција, не е изготвена старосна структура на побарувањата од минати години и не се потврдените причините за неизмирените обврски и ненаплатените побарувања. Со извршена ревизија ја потврдивме старосна структура на евидентираните побарувања и констатиравме дека не постојат побарувања чиј рок на застареност е надминат согласно одредбите на Законот за облигациони односи.

Горенаведените состојби не се во согласност со член 31-в став 1, став 2, став 3, став 4 и став 5 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

Утврдените состојби имаат влијание на реално и објективно искажување на податоците во финансискиот извештај - биланс на состојба на ден 31 декември и на квалитетот на информациите кои ги дава истиот.

**Препорака**

Одговорните лица номинирани за вршење попис на средствата и изворите на средствата во Центарот и одговорниот сметководител во делот на своите надлежности да преземат активности за:

- Внесување на парична вредност за средствата како податок во пописните листи;
- Внесување на податоци во пописните листи за сметководствената материјална вредност на средствата и задолжително усогласување на материјалните и вредносните разлики меѓу состојбата утврдена со попис и сметководствена состојба;
- Задолжително усогласување на материјалните и вредносните разлики меѓу состојбата утврдена со попис и сметководствена состојба;

- При вршење на попис на побарувањата и обврските да се пристапи кон утврдување на нивниот основ на евидентирање, преземените мерки за плаќање / наплата и утврдување на старосната структура на истите.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точка 3.1.1. и 3.1.2., кои се основ за изразување мислење, се :

- утврдени се недоследности при прием, складирање, издавање на материјали и нивното евидентирање ;
- не е спроведен целосен попис на средствата и обврските на крајот на известувачкиот период со состојба 31.12.2018 година.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точка 3.1. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавната здравствена установа Центар за јавно здравје Тетово на ден 31 декември 2018 година и резултатот од финансиските активности за година која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.1., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Центар за јавно здравје Тетово, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Владата на Република Македонија согласно Законот за здравствена заштита донесува и објавува програми за здравствена заштита со кои се утврдуваат мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување како и финансиски средства за остварување на ниво на програма и тоа за осигурени и не осигурени лица. Министерството за здравство извршило распределба на средствата на јавните здравствени установи по програми и надзор на спроведување на истите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во програмите, во обем на

одобрените средства од Буџетот на Република Македонија за тековната година.
Во отсуство на пишани критериуми и утврдена постапка за распределба на финансиските средства по програми, истите се одобруваат во вкупен износ на ниво на сите јавни здравствени установи.

Ваквата состојба оневозможува:
- транспарентна распределба на средствата на поодделните јавни здравствени установи;
- сообразување на преземените активности и одобрените средства по програми поради што наплатата на побарувањата по наведените основи од Министерство за здравство не може да се изврши во целост;
- остварување на целите утврдени со програмите.

На ден 31.12.2018 година Центарот има ненаплатени побарувања од Министерството за здравство за извршени здравствени услуги по програми за здравствена заштита во износ од 3.218 илјади денари. Наведеното има влијание врз финансиската состојба на Центарот, и не можност за подмирување на доспеаните обврски.

6.2. Согласно член 32 од Правилникот за потребниот простор, опрема и стручен кадар за основање, почнување со работа и вршење на здравствена дејност во здравствени установи, секоја здравствена установа потребно е да ги исполни општи просторни критериуми и посебни критериуми за вршење на здравствена дејност.
Центарот не располага со сопствен простор за извршување на дејноста ниту пак ги има регулирано сопственички односи со корисникот на просторот. Правото на користење на просторот што го користи центарот Владата на РМ со одлука во 2011 година го дава на времено користење на Министерство за образование и наука, за да во 2014 година правото на користење на недвижните ствари го пренесе на Државниот универзитет - Тетово за период од 10 години, при што истовремено утврдила дека сите трошоци за градежните работи и селењето на Центарот да бидат на сметка на Државниот универзитет во Тетово, без при тоа прецизно да ги дефинира условите кои се однесуваат на локација или соодветен простор како и временски период за кој е потребно да се обезбеди просторот за потребите на Центарот. Државниот универзитет - Тетово во месец јануари 2019 година доставил до Центарот ургенција за барање за напуштање на простории, и покрај тоа што претходно не ги исполнил своите обврски согласно заклучокот на Влада на РМ кои се однесуваат на обезбедување на соодветен простор и селење на Центарот. Во овој простор е сместено одделението за Санитарно –хигиенска дејност како и

акредитирана лабораторија за Санитарна хемија која опслужува пациенти и е единствена во регионот која се занимава со испитување на исправноста на храна и вода и спречување на ширење на епидемии и зарази, поради што е потребно нејзино непречено функционирање. Од страна на Државниот универзитет - Тетово доставена е ургенција и до Владата на РМ и Министерство за здравство за решавање на настанатиот проблем, при што во одговор на барањето од Министерство за здравство од месец март 2019 година, му се предлага на Државниот универзитет - Тетово согласно Одлуките на Влада да обезбеди соодветен простор за потребите на Центарот или засегнатите страни во договор да го распределат просторот, поради што до денот на ревизија не е донесено конечно решение за решавање на настанатиот спор помеѓу засегнатите страни.

## 7. Останати прашања

7.1. Центарот располага со неколку апарати за лабораториски испитување на кои се вршат повеќе видови на анализи. Сите апарати се со затворени системи, односно користат реагенси кои ги обезбедува економскиот оператор од кој истите се набавени или пак само еден економски оператор поседува ексклузивно право за продажба на реагенсите. Во годината предмет на ревизија извршени се расходи во износ од 1.290 илјади денари врз основа на спроведени постапки за јавна набавка во кои како единствен понудувач се јавил економскиот оператор од кој се набавени апаратите или пак економскиот оператор кој поседува ексклузивно право за продажба на реагенсите. Поради немање на услови да се врши намалување на цената преку електронско негативно наддавање се прифаќа цената која е дадена во понудата на единствениот понудувач. Воспоставениот начин на обезбедување на апаратите за вршење на лабораториски испитувања и спроведување на набавките за реагенси не овозможува конкуренција, спроведување на електронска аукција и соодветно искористување на средствата во постапките за доделување на договори за јавна набавка што не е во согласност со член 2 од Законот за јавните набавки.

7.2. Во текот на ревизијата извршено е зголемување на позицијата Материјални средства и Извори на капитални средства, односно се изврши префрлување на евидентирани материјални средства од сметка за средства од фондот во вкупен износ од 1.311 илјади денари.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2018 година

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2018** | **2017** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 17.052 | 14.723 |
| Трансфери и донации | 5.387 | 5.023 |
| **Вкупно приходи** | **22.439** | **19.746** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 2.979 | 3.937 |
| Стоки и услуги | 13.486 | 12.094 |
| **Вкупно тековни расходи** | **16.465** | **16.031** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 2.365 | 1.236 |
| **Вкупно капитални расходи** | **2.365** | **1.236** |
| **Вкупно расходи** | **18.830** | **17.267** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **3.609** | **2.479** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **3.609** | **2.479** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 3.624 | 1.061 |
| Побарувања | 10.100 | 8.477 |
| Активни временски разграничувања | 7.710 | 6.042 |
| Залихи | 3.967 | 5.189 |
| **Вкупно тековни средства** | **25.401** | **20.769** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 371 | 524 |
| Материјални средства | 7.740 | 7.104 |
| **Вкупно постојани средства** | **8.111** | **7.628** |
| **Вкупна актива** | **33.512** | **28.397** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 3.710 | 1.886 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 146 | 189 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 0 | 106 |
| Пасивни временски разграничувања | 17.888 | 13.709 |
| **Вкупно тековни обврски** | **21.744** | **15.890** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 11.768 | 12.507 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **11.768** | **12.507** |
| **Вкупна пасива** | **33.512** | **28.397** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2018 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2018 година** | **7.318** | **5.189** | **12.507** |
| **Зголемување по основ на:** | **4.207** | **7.514** | **11.721** |
| Набавки | 2.896 | 7.514 | **10.410** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | - |
| Пренос на средства | 1.311 | | |
| **Намалување по основ на:** | **3.724** | **8.736** | **12.460** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | 3.724 | | **3.724** |
| Потрошок | | 8.736 | |
| **Состојба 31.12.2018 година** | **7.801** | **3.967** | **11.768** |